# Јавно Комунално Претпријатие Кисела Вода 2022 – Скопје

Јавно Комунално Претпријатие Кисела Вода 2022 – Скопје е формирано 27.07.2018 год. Главна дејност на Јавното комунално претпријатие е стопанисување со спортски сали и спортски објекти во надлежност на Општина Кисела Вода. Покрај главната дејност, Јавното комунално претпријатие ги врши и следните дејности:

- Изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти,
- Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад, под што се подразбира собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на уредени депонии,
- Одржување на јавна чистота, под што се подразбира чистење (миење и метење) на јавни површини во надлежност на општината, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови,
- Одржување, чистење и користење на паркови, зеленило, парк шуми и рекреативни површини во надлежност на општината на сервисните и станбените улици, под што се подразбира изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки,
- Изградба и одржување на јавното осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината,
- Изградба, реконструкција, управување и одржување на гробиштата и
- Одржување и користење на јавни пазари кои се во сопственост на општина Кисела Вода.

**ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје`** - стопанисувањето и управувањето со спортските сали и спортските објекти ќе го базира на следните клучни функции:

- РАЗВОЈ
- МАРКЕТИНГ
- ФИНАНСИИ
- УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ

Преку ефикасно управување со клучните функции целта е спортската инфраструктура да овозможи спортски континуитет на натпревари и на подолг рок да биде сатисфакција на учесниците кои се во тесна врска во спортскиот пазар (публика,клубови (спортисти) спонзори, инвеститори, кредитори). Целта е стратешки и професионален пристап кон извршувањето на проектираните задачи,и применување на ефикасна техника во управувањето на моменталните инфраструктурни спортски објекти,прединвестциски циклус,изградба,постинвестициска анализа и фаза на експлоатација на објектот.

1.**Општина Кисела Вода располага со следните спортски објекти**:

- Според видот на простор каде се одржуваат спортските натпревари

А. Затворени спортски објекти (сали)

Б. Отворени спортски објекти (стадиони, јавни мултифункционални игралишта )

-Стратешки спортски објекти (спортски сали)

## Спортска сала ``Независна Македонија`` Општина Кисела Вода




## Спортска сала ``Архиепископ Доситеј`` Општина Кисела Вода



Салите``Независна Македонија`` и ``Архиепископ Доситеј``се изградени 2010 година со капацитет од 500 седишта,со професионални димензии за кошарка,ракомет,мал фудбал и одбојка.

- Фудбалски стадион Пржино











Фудбалски стадион Драчево



- Настрешници и тезги за пазар Општина  Кисела Вода






Објектот е сместестен на локација ул. Франк Харкорт Манинг, Општина Кисела Вода – Скопје. Објектот ќе функционира како услужен објект – пазар во сопственост на Општина Кисела Вода а ќе го стопанисува Јавното комунално претпријатие КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ. Се предвидува урбаната опрема – настрешниците и тезгите да се поставaт така што нема да ја зафаќаат слободната пешачка зона со ширина од 3,00м. За нејзиното поставување, како и за непречено користење, се предвидуваа површина со  димензии 12,30х20,32м, односно со вкупна бруто површина од 250,00м2 и вкупно корисна површина од 230,23м2. Површината ќе биде преградена со преградни монтажно – демонтажни алуминиумски прозори со антрацит боја. Поставенаат урбана опрема – настрешници и тезги не го попречува пешачкото движење и не ја зафаќа постоечката пешачка патека.